# СТРАТЕГИСКИ ПЛАН НА ЗЕЛС 2021-2025

ЗЕЛС

ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул.Копенхагенска бр.5, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
www.zels.org.mk / contact@zels.org.mk

# СТРАТЕГИСКИ ПЛАН НА ЗЕЛС
# 2021-2025

## Почитувани,

Стратегискиот план на ЗЕЛС за периодот 2021 - 2025 година е донесен. Тој е најзначајниот документ на Заедницата, но уште позначаен за општините, членки на ЗЕЛС. Во него се втемелени заедничките амбиции што сакаме да ги постигнеме во следните пет години. Креиран е како резултат на ставовите и желбите за промени во целокупниот процес на децентрализација на власта во земјава, кога локалната власт покажа потреба и волја за нејзино натамошно редефинирање и усовршување и кога започнаа сериозни преговори со централната власт. Пакетот промени се темели на обезбедување поголема финансиска независност на локалната власт; утврдување на можностите за преземање нови надлежности и нивно попрецизно дефинирање и третата промена е насочена кон организациската поставеност на работењето на единиците на локалната самоуправа.

Новата петгодишна Стратегија на ЗЕЛС е фокусирана токму како поддршка на општините во реализирањето на овој пакет промени и ќе се спроведува преку развивање на активности утврдени во рамките на трите стратегиски цели: „Застапување и лобирање", „Услуги" и „Градење и јакнење на капацитетите на единиците на локалната самоуправа". Тоа значи дека ЗЕЛС ќе продолжи, преку механизмите на застапување и лобирање, успешно да ги застапува интересите на сите општини пред централната власт за развивање на процесот на децентрализација на власта. Ќе продолжи со развивањето на нови современи услуги за потребите на општините, особено во областа на информациско-комуникациската технологија, како и со поддршката во надградувањето на административните капацитети и воведување на стандардизација на процесите .

Во таа насока, посебно внимание е посветено и на вредностите што ЗЕЛС во континуитет ги втемелува во своето работење. Професионалноста, етичноста, одговорноста, непристрасноста и неполитизираноста се нашите приоритети во градењето и спроведувањето на заеднички политики што се од интерес на сите единици на локалната самоуправа во земјава. Транспарентноста е уште еден значаен белег на работењето на ЗЕЛС, втемелен и при изработката на овој документ. Затоа, со гордост можеме да кажеме дека новата Стратегија на ЗЕЛС ги отсликува реалните потреби, ставови и предлози на сите општини, изречени од градоначалниците, советниците и општинската администрација и изнесени во одговорите на доставените прашалници и низата дискусии водени во телата и органите на Заедницата.

Правците ги зацртавме заедно, заедно вложивме многу труд во нивното дефинирање. Сега сме подготвени повторно, единствени и сплотени, да започнеме со нивна реализација во насока на воведување на нов пакет промени во процесот на децентрализација на власта во земјава и градење на финансиски стабилни општини подготвени да обезбедат најквалитетни услуги за своите граѓани.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

## ВИЗИЈА

ЗЕЛС е единствена, моќна, препознатлива, влијателна и финансиски независна институција, со иновативен пристап кон развојот на услугите за општините кои ги обезбедува во континуитет и е меѓу најдобрите сродни организации во Европа.

ЗЕЛС го зголеми степенот на развој на системот на локалната самоуправа во партнерство со Владата на РСМ, Собранието на РСМ, Европската унија и други домашни и меѓународни органзации и институции како решителен претставник и застапник на интересите на единиците на локалната самоуправа.

Како членки на ЗЕЛС, единиците на локалната самоуправа се рамномерно развиени, имаат соодветни изворни финансиски приходи за секоја своја надлежност и висок капацитет на сопствената администрација.

## МИСИЈА

ЗЕЛС дефинира заеднички политики и приоритети заради остварување на интересите на општините во Република Северна Македонија.

Користи иновативен приод и предлага воведување на информатичко-комуникациски новитети, напредни општествени методи и пристапни финансиски инструменти и политики во процесот на развој на системот на локалната самоуправа.

ЗЕЛС стреми кон намалување на диспаритетот во развојот меѓу општините и кон финансиски независни општини со добри човечки капацитети подготвени да дадат најдобри услуги на граѓаните и да ја унапредат еднаквоста, вклучително и родовата еднаквост.

## ВРЕДНОСТИ НА ЗЕЛС



## ВРЕДНОСТИ:

**ЛОЈАЛНОСТ КОН ЧЛЕНКИТЕ:** ЗЕЛС е посветен на градење и зачувување на заедништвото и единството на своето членство без разлика на економско-политичките и социјални предизвици во државата. Општините го прифаќаат ЗЕЛС за своја единствена организација заради остварување на своите интереси и приоритети.

**ПРОФЕСИОНАЛНОСТ:** ЗЕЛС се води според високи стандарди на професионална работа: етичност, одговорност, достапност, стручност, компетентност, транспарентност.

**ДОСТАПНОСТ НА УСЛУГИТЕ:** ЗЕЛС обезбедува услуги еднакво достапни до своите членки. ЗЕЛС подеднакво ги пресретнува потребите на членството.

**ЕФИКАСНОСТ:** ЗЕЛС својата работа ја базира на спроведување активности кои ќе дадат најдобри резултати во пократко време.

**НЕПОЛИТИЗИРАНОСТ:** ЗЕЛС своите ставови и цели ги базира врз основа на интересот на сите членки без разлика на политичката припадност на нивните избрани и именувани претставници. ЗЕЛС се раководи исклучиво од потребите на општините без разлика на актуелната политичка поставеност на различните нивоа на владеење во државата.

**НЕЗАВИСНОСТ:** Финансиската независност е од клучно значење за зачувување на неутралноста на ЗЕЛС од актуелни политички влијанија, како и од наметнување надворешни принципи во начинот на работатата на организацијата, а кои се спротивни на интересот на сите членки или се надвор од рамката на нивните приоритети. Тоа се постигнува преку обезбедување сопствени извори на финансирање, прифатени и поддржани од сите членки на Заедницата.

**МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ:** ЗЕЛС во своето работење води сметка за примена на европски и меѓународни стандарди и вредности, почитувајќи ги и инсистирајќи на примена на меѓународните и европски документи за развој на локалната самоуправа.

**ИНОВАТИВНОСТ:** ЗЕЛС користи иновативен пристап во обезбедување услуги за своите членки со цел градење професионална администрација како ефикасен сервис на граѓаните. Тоа подразбира воведување високо квалитетно експертско знаење, користење на најнови информатичко-комуникациски технологии и системи, финансиски механизми за успешно финализирање на проекти од локално значење и обезбедување навремена информираност.

**РОДОВА ЕДНАКВОСТ:** *ЗЕЛС како главен промотор на Европската Повелба за еднаквост на жените и мажите во локалниот живот*[1] ја третира родовата еднаквост како демократска вредност која треба да се применува на локално ниво во сите аспекти на животот: политички, економски, социјален и културен преку интегрирање на родов аспект во сите активности на локалната самоуправа за да се унапреди еднаквоста меѓу мажите и жените; преку подготовка и спроведување на специфични планови за акција, програми и ресурси за унапредување на еднаквоста меѓу мажите и жените.

[1] http://www.ccre.org/docs/charte_egalite_en.pdf

## СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 1: ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ

**Стратегиска насока:** ЗЕЛС обезбедува, преку механизмите на застапување и лобирање, процесот на децентрализација да се спроведува ефикасно во насока на подобрена финансиска одржливост и поставена соодветна правна рамка на надлежности преземени од единиците на локалната самоуправа. ЗЕЛС успешно ги застапува интересите на општините на начин што ја зачувува клучната позиција во дијалогот и соработката меѓу централната власт и општините.

## СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 2: УСЛУГИ

**Стратегиска насока:** Преку соработка и партнерство со сите општини, можеме да се поврземе и да ја измениме иднината засекогаш. ЗЕЛС тоа го постигнува преку развој на електронски услуги со користење современи и иновативни информациско-комуникациски алатки, еднакво достапни до сите општини и функционални според постојните и идни потреби на локалните самоуправи. ЗЕЛС ги промовира стратешките цели преку подобрување и унапредување на процесот и начинот на комуникација со целните групи. Применувајќи го пристапот на истражување и развој, ЗЕЛС работи на зголемување на ефикасност и ефективност на сопственото работење и на унапредување на перфомансите на општините. Развиените услуги се насочуваат кон три подстратегиски насоки, и тоа:

**Стратегиска насока 2.1 – Електронски услуги (е-услуги)**

**Стратегиска насока 2.2. – Истражување и развој**

**Стратегиска насока 2.3 - Информирање на членките**

## СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 3: ГРАДЕЊЕ И ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ НА ЕЛС

**Стратегиска насока:** ЗЕЛС ги зголемува капацитетите на локалните власти и придонесува за правилна, ефикасна, транспаретна, компетентна и успешна имплементација на домашната регулатива од страна на општините преку понуда на спектар од самоодржливи услуги достапни за сите свои членки, а со кои што значително се подобрува животниот стандард на граѓаните. Развиените услуги се насочуваат кон шест подстратегиски насоки, и тоа:

**Стратегиска насока 3.1 – Градење капацитети**

**Стратегиска насока 3.2 - Стандардизација на процеси на локална самоуправа**

**Стратегиска насока 3.3 - Спроведување ЗЕЛЕНА АГЕНДА на локално ниво**

**Стратегиска насока 3.4 - Унапредување на политиките за социјална заштита на локално ниво**

**Стратегиска насока 3.5 - Интегрирање родова перспектива во политики на локално ниво**

**Стратегиска насока 3.6 - Поддршка при искористување на ЕУ и други меѓународни финансиски програми**

| **СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 1** | **ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стратегиска активност | Мерило | Таргет | Годишни таргети 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | Почетна сост. | Одговорно тело |
| **Законски решенија од интерес на локалната самоуправа** | Подготовени/ажурирани и презентирани „Систематизирани ставови на ЗЕЛС" | 1 годишно | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | УО, НО, ГС, работни групи, комиси и мрежи, Комитет на совети |
| | Меморандум за соработка со Влада | Усвоен Меморандум | 1 | | | | | 1 | |
| | Застапување ставови на ЕЛС пред централна власт, Собрание и други домашни и меѓународни инстуции и организации | Тековно (согласно Систематизирани ставови и адхок) | • | • | • | • | • | Н/А | |
| **Комуникација при застапување и лобирање** | Комуникациски протокол | Усвоен протокол | | 1 | | | | 0 | УО |
| **Усогласување со меѓународни документи и инструменти во домен на локална самоуправа** | Меѓународни конвенции, стратегии од областа на локалната самоуправа | Посебна област од локална самоуправа | • | • | • | • | • | 0 | УО, НО, ГС, работни групи, комиси и,мрежи Комитет на совети |
| **Лоби група на градоначалници за зајакнување на процесите на воведување на родова перспектива во локалните политики и буџети** | Упатство за РОБ на локално ниво вклучително и за подготовка на родово буџетски изјави. Прирачник за подготовка на фискален извештај за родов буџет на локално ниво. Принципи за родово одгвоорно буџетирање на ЗЕЛС | | • | • | • | • | • | | Лоби група, Комисија за РОБ |

| СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 2 | УСЛУГИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стратегиска насока 2.1 – Електронски услуги** | | | | | | | | | |
| Стратегиска активност | Мерило | Таргет | Годишни таргети | | | | | Почетна сост. | Одговорно тело |
| | | | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | | |
| Развој на софтверски апликации и подобрување на перфомanси на постојни | Е – систем за даночно работење | 1 нова и 1 надградена софтверска апликација | 1 | 1 | • | | | 4 | УО, Комисија за финансирање, Мрежа на финансиски работници |
| | Е платформа за РОБ – прв дигитален хаб за управување со знаење за РОБ на локално ниво во ЈИЕ | | | | • | | | | |
| **Стратегиска насока 2.2 Истражување и развој** | | | | | | | | | |
| Стратегиска активност | Мерило | Таргет | Годишни таргети | | | | | Почетна сост. | Одговорно тело |
| | | | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | | |
| Истражување и развој | Истражување и развој за потреби на ЕЛС | 1 годишно | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | УО, НО,ГС, Комитет на совети, комиси и мрежи |
| | Истражување и развој на ЗЕЛС | 1 годишно | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | |
| **Стратегиска насока 2.3– ИНФОРМИРАЊЕ НА ЧЛЕНКИТЕ** | | | | | | | | | |
| Стратегија за односи со јавноста | Информирање на членките (видливост, маркетинг, комуникација, алатки) | Усвоена стратегија и имплементација | 1 | • | • | • | • | 1 | УО |

| **СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 3** | **ГРАДЕЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЕЛС** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стратегиска активност | Мерило | Таргет | Годишни таргети | | | | | Почетна сост. | Одговорно тело |
| | | | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | | |
| **Зајакнување капацитети на ЕЛС** | Планирање и имплементација на активности за градење капацитети на ЕЛС | Годишна програма/100% имплементација | 1<br>70% | 1<br>75% | 1<br>80% | 1<br>90% | 1<br>100% | 1 год. 68,42 %. | Комисии, мрежи, К.Со |
| **Стандардизација на процеси на локална самоуправа** | Развој на процедури и постапки за административно управни работи и други работи од делокругот на локалната самоуправа | Развиени 3 процедури и постапки | | 1 | 1 | 1 | | 0 | УО, Комисии, мрежи, Комитет на совети (КС) |
| | Методологија за мерливост на капацитет на администрација (стандарди за ажурност и воведување иновативни методи за работа) | Развиени 2 алатки | 1 | | 1 | | | 0 | |
| **Спроведување ЗЕЛЕНА АГЕНДА на локално ниво** | Климатски акции, енергија и енергетска ефикаснст и мобилност | Реализиран 1 пакет | | 1 | | | | 3 | УО, Комисии, мрежи, |
| | Циркуларна економија, одржлив развој ефикасно искористување на ресурсисте | Реализиран 1 пакет | | | 1 | | | 1 | |
| | Управување со кризи на локално ниво | Реализиран 1 пакет | 1 | | | | | 0 | Комитет на совети (КС) |
| **Унапредување политики за социјална заштита на локално ниво** | Поддршка на ЕЛС за социјално мапирање, креирање политики засновани на докази | | • | | | | | 0 | УО, Комисии, мрежи, Комитет на совети (КС) |
| | Социјална превенција и обезбедување услуги на локално ниво ( примена на принципот „Никој да не биде изоставен") | | • | | | | | 0 | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Интегрирање родова перспектива во политики на локално ниво** | Имплементација на Стратегија за родова еднаквост на ЗЕЛС 2018-2030 | Тековно според временска рамка на Стратегијата | • | • | • | • | • | 40% реализација | УО, Лоби гр. за РЕ, Раб. гр. за РЕ, КС |
| **Поддршка при искористување на ЕУ и други меѓународни финансиски програми** | Поддршка при подготовка и имплементација на проектни апликации | Тековно | • | • | • | • | • | 1 квартално | УО, Комисии, мрежи, Комитет на совети |
| | Хаб за проектни повици со преземање на истите | Интегрирано функционално решение | 1 | | | | | 0 | |
| | Поддршка преку проекти спроведени во партнерство со ЕЛС | Тековно | • | • | • | • | • | 7 годишно | |

***Издавач:***
Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија –ЗЕЛС

***Адреса на издавачот:***
улица „Копенхагенска" бр. 5, ПФ 32, 1000 Скопје,

***Тел:***
02/3099033

***Факс:***
02/3061994

***e-mail:***
contact@zels.org.mk
www.zels.org.mk

***Подготвил:***
ЗЕЛС

***Наслов на публикацијата:***
СТРАТЕГИСКИ ПЛАН НА ЗЕЛС 2021-2025 ГОДИНА

***Лекторирал:***
Валентина Великова

***Број на страници:***
16 страници

***Тираж:***
200 примероци

***Дизајн и печатење:***
Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

352.075.7(497.7)"2021/2025"

СТРАТЕГИСКИ план на ЗЕЛС : 2021-2025. - Скопје : ЗЕЛС - Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија, 2021. - 16 стр. : граф. прикази ; 23 см

ISBN 978-608-4856-07-8

а) Заедница на единиците на локалната самоуправа -- Стратегиски планови -- Македонија -- 2021-2025

COBISS.MK-ID 55653381

WWW.ZELS.ORG.MK